# Како растат семињата ?

# 5.8 Како растат семињата

## 'Ртење



*Зборови за учење*
**'ртење**
**се збрчкува**
**апсорбира/впива**

Ако семето има соодветни услови и ембрионот е жив, тогаш тој ќе порасне. Кога семето ќе почне да расте, велиме дека тоа 'рти. Процесот се нарекува **'ртење**. Семето ја користи складираната храна како извор на енергија за раст на ембрионот. Семето **се збрчкува** и станува помало по 'ртењето. На сликата се прикажани фазите на 'ртење на едно семе од грав.





Лотосот расте во вода.

Семињата можат да преживеат без да изртат неколку години додека условите не станат поволни. Најстарото семе за кое се знае дека изртило било 1300 години старо семе од лотос пронајдено на дното на едно езеро во Кина.

#УчиОдДома

никнување семе од грав



никнување семе од пченица
Никнување на семе од грав и од пченица. Од семето прво расте коренчето (надолу), па стебленцето со првите листови (нагоре).



## Активност 5.8

**Ќе ти биде потребно:**
семе од грав · сад со вода

### Набљудувај семе

Потопи семе од грав во вода и остави го цела ноќ. Претпостави на кој начин семето ќе се промени во текот на ноќта.



Набљудувај го семето следниот ден и запиши ги промените што ќе ги забележиш. На кој начин семето се промени во текот на ноќта? Дали твоите претпоставки беа точни? Објасни зошто настанале промените. Што мислиш, од каде навлезе вода во семето? Објасни го твојот одговор.

## Прашања

1 Зошто семињата имаат потреба да апсорбираат/впиваат вода?

2 а) Кој дел од младото растение грав расте прв?

б) Претпостави зошто овој дел расте надолу.

3 Во кој правец расте првиот никулец и зошто?

4 Што мислиш, зошто првите листови почнуваат да растат над земјата?

5 Зошто мислиш дека семето се збрчкува и се намалува по 'ртењето?

**Размисли!**
Дали нови растенија се добиваат само од семиња?

## Што научи

- Семето почнува да 'рти доколку условите се поволни и ембрионот е жив.
- Складираната храна му обезбедува енергија на семето потребна за 'ртење.
- Семињата апсорбираат/впиваат вода за да почнат со 'ртење.
- Најпрвин расте главниот корен надолу, а потоа младиот никулец кој расте нагоре.

#учиДома